**20220830983**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 став 1 и 3 и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ КНИЖНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 100 ДЕНАРИ СО ИЗМЕНЕТИ БЕЛЕЗИ

1. Во Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 100 денари со изменети белези („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 49/21) во точката 2 во алинеја 1 по зборот: „Македонија“ на крајот од реченицата се става запирка и се додаваат зборовите: „а бројот „4“ се заменува со бројот „3,02“.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/V-6/2022
31 март 2022 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.